**324.**

Врз основа на член 16 став (1) и (2) од Законот за заштита од бучава во животната средина (”Службен весник на Република Македонија” бр. 79/2007 и 124/10), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 1.2.2011 година донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА АГЛОМЕРАЦИИТЕ, ГЛАВНИТЕ ПАТИШТА, ГЛАВНИТЕ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРУГИ И ГЛАВНИТЕ АЕРОДРОМИ ЗА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДГОТВУВААТ СТРАТЕШКИ КАРТИ ЗА БУЧАВА

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава, како и надлежната општина за изработка на стратешката карта за бучава во случај кога агломерацијата опфаќа подрачја на повеќе општини и начинот на нивната соработка и организација, како и населените места и подрачја од посебен интерес кои не припаѓаат во утврдената агломерација за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава.

### II. АГЛОМЕРАЦИИ ЗА КОИ СЕ ПОДГОТВУВААТ СТРАТЕШКИКАРТИ ЗА БУЧАВА

Член 2

Агломерации во Република Македонија за кои треба да се подготви стратешка карта за бучава се:
- Град Скопје,
- општина Куманово
- општина Битола и
- општина Тетово.

### III. ГЛАВНИ ПАТИШТА ЗА КОИ СЕ ПОДГОТВУВААТ СТРАТЕШКИКАРТИ ЗА БУЧАВА

Член 3

Главни патишта во Република Македонија за кои треба да се подготви стратешка карта за бучава се следните патишта:

| Пат број | Патна делница |
|---|---|
| М-1 | Петровец - Велес |
| М-3 | Петровец - клучка Хиподром |
| М-3 | клучка Хиподром - Скопје |
| М-4 | Скопје - Глумово |
| М-4 | Глумово - Тетово |
| М-4 | Тетово - Гостивар |
| М-5 | Подмолје - Охрид |
| Р-101 | Скопје - Арачиново - Умин Дол |
| Р-103 | Маџари - Катланово |
| Р-405 | Тетово - Вратница |
| Р-409 | Бошков Мост - Дебар |
| Р-418 | Струга - Ташмаруништа |
| Р-501 | Охрид - Пештани |

### IV. ГЛАВНИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРУГИ ЗА КОИ СЕ ПОДГОТВУВААТ СТРАТЕШКИ КАРТИ ЗА БУЧАВА

Член 4

Главна железничка пруга во Република Македонија за која треба да се подготви стратешка карта за бучава е следната железничка пруга:

-Табановци – Гевгелија

### V. ГЛАВНИТЕ АЕРОДРОМИ ЗА КОИ СЕ ПОДГОТВУВААТ СТРАТЕШКИ КАРТИ ЗА БУЧАВА

Член 5

Главен аеродром за кој треба да се подготви стратешка карта за бучава е Аеродромот во Скопје – Аеродром Александар Велики, доколку во претходната година се регистрирани повеќе од 50 000 движења на аеродромот или поради нивото на бучава може да предизвика вознемиреност на луѓето.

### VI. НАДЛЕЖНИ ОПШТИНИ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИТЕ КАРТИ ЗА БУЧАВА ВО СЛУЧАЈ КОГА АГЛОМЕРАЦИЈАТА ОПФАЌА ПОДРАЧЈА НА ПОВЕЌЕ ОПШТИНИ И НАЧИНОТ НА НИВНАТА СОРАБОТКА И ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 6

(1) Надлежна општина за изработка на стратешките карти за бучава за агломерации од член 2 на оваа уредба се:
- Град Скопје за подрачјето на Град Скопје,
- Општина Куманово за подрачјето на Куманово,
- Општина Битола за подрачјето на Битола и
- Општина Тетово за подрачјето на Тетово.

(2) При изработката на стратешката карта за бучава за Град Скопје, општините во градот Скопје треба на субјектот определен за изработка на стратешката карта за бучава да му ги направат достапни сите податоци кои се однесуваат на нивото на бучава и изворите на бучава од подрачјето на општината.

(3) Градот Скопје по подготвувањето на првата верзија на стратешката карта за бучава за Град Скопје треба да организира состанок заедно со општините од подрачјето на Град Скопје на кој јавно ќе се презентира и разгледа картата.

(4) Општините од подрачјето на Град Скопје мислењата и забелешките по првата верзија на стратешката карта ги доставуваат до Град Скопје не подоцна од 30 дена од денот на одржаниот состанок.

### VII. НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ПОДРАЧЈА ОД ПОСЕБЕН ИНТЕРЕС КОИ НЕ ПРИПАЃААТ ВО УТВРДЕНАТА АГЛОМЕРАЦИЈА ЗА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДГОТВУВААТ СТРАТЕШКИ КАРТИ ЗА БУЧАВА

Член 7

Населени места и подрачја од посебен интерес кои не припаѓаат во утврдената агломерација за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава се:

- Подрачјето на Националниот Парк Маврово, доколку бројот на жители во населените места на Општина Маврово и Ростуша ја надмине бројката од 16 000 и

- Крајбрежјето на Охридското езеро во длабочина од 1,5 км доколку бројот на жители на општина Струга и Охрид ја надмине бројката од 130 000 односно 110 000 жители.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-258/1
1 февруари 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**325.**

Врз основа на член 93, став 3 од Законот за надворешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 1.2.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА ПЕРУ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО СКОПЈЕ**

Член 1

Се дава согласност Ненад Јаниќевиќ да се именува за Почесен конзул на Република Перу во Република Македонија, со седиште во Скопје.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 4/1
1 февруари 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**326.**

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 52, став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ И ШЕФ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО САД, СО СЕДИШТЕ ВО ЧИКАГО**

Член 1

1. За Генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Чикаго се именува Јакуп Реџепи.

Член 2

2. Оваа одлука влегува во сила по добиената егзекватура и завршените подготовки, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 151/2
8 јануари 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**327.**

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 11 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/91) и член 7, став 1 алинеја 9 од Законот за надворешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.1.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ И ШЕФ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО САД, СО СЕДИШТЕ ВО ЧИКАГО**

Член 1

1. Се отповикува Јовица Палашевски од местото Генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во САД, со седиште во Чикаго.

Член 2

2. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 152/2
8 јануари 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**328.**

Врз основа на член 5, став 4 од Законот за продажба на становите во општествена сопственост („Службен весник на СРМ" бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/92, 7/98 и 24/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.2.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА СТАНОВИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ**

Член 1

Во Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/92, 5/93, 11/93, 18/93, 27/93, 57/93, 67/93, 72/93, 6/94, 18/94, 36/94, 66/94, 18/95, 32/95, 46/95, 63/95, 34/96, 72/96, 16/97, 30/97, 68/97, 18/98, 34/98, 63/98, 24/99, 40/99, 65/99, 1/00,